| DECLARATION ON COOPERATION<br>SOUTH-EAST EUROPE NPM NETWORK | ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СОРАБОТКА<br>МРЕЖА НА НПМ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА |
|---|---|
| 1. Having in mind the need for establishing stronger cooperation and building on the fruitful experience of the European NPM Network set up by the Council of Europe and the European Union, National Prevention Mechanisms of Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (NPM) of Albania, Croatia, Macedonia, Montenegro, Slovenia and Serbia, at the meeting held on 25th and 26th March 2013th in Belgrade, agreed to establish a regional NPM Network for South-East Europe (SEE). | 1. Имајќи ја во предвид потребата за воспоставување на зајакната соработка градејќи се притоа на значајните искуства на Европската НПМ Мрежа која е основана од Совет на Европа и Европската Унија, Националните механизми за превенција од тортура и други сурови, нечовечни или понижувачки постапувања или казнувања (НПМ) на Албанија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Словенија и Србија на состанокот одржан на 25 и 26 март 2013 година во Белград, се согласија да воспостават мрежа на НПМ од земјите на Југоисточна Европа (ЈЕЕ). |
| 2. The name of the Network is "South-East Europe NPM Network" (SEE NPM Network). | 2. Име на мрежата е “Мрежа на НПМ од југоисточна Европа” ( во понатамошниот текст : НПМ Мрежа) |
| 3. The main purpose of the SEE NPM Network is to establish greater cooperation and to exchange experiences, to create synergy beetween members, to provide support and to create conditions for effective fulfillment of the NPM mandate specified in the Optional Protocol to the Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (OPCAT). | 3. Основна цел на НПМ Мрежата е воспоставување на поинтензивна соработка и размена на искуства, остварување на заедничко дејствување меѓу членовите, меѓусебна поддршка и создавање на услови за ефикасно спроведување на мандатот на НПМ утврден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување ( Факултативен протокол). |
| 4. Cooperation within the SEE NPM Network is voluntary. | 4.Соработката во НПМ Мрежата е на доброволна основа. |
| 5. Membership in the SEE NPM Network is open for accession to all NPMs of SEE States parties of the OPCAT. | 5.Членството во НПМ Мрежата е отворено за пристапување на сите НПМ во државите потписнички на Факултативниот протокол во регионот на Југоисточна Европа. |
| 6. The SEE NPM Network is open for cooperation with organizations and associations that aim to protect human rights and to fight against torture. | 6.НПМ Мрежата е отворена за соработка со организации и здруженија кои имаат за цел заштита на човековите права и борбата против тортурата. |
| 7. The SEE NPM Network will specifically establish cooperation with the Subcommittee on Prevention of Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment and other relevant international bodies. | 7.НПМ Мрежата посебно ќе воспостави соработка со Поткомитетот за превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување , Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување, како и со други релевантни меѓународни тела. |
| 8. Cooperation within the SEE NPM Network will be developed through regular annual meetings, thematic meetings, joint visits to places of detention, and sharing of knowledge, relevant documents and other information. | 8.Во рамки на НПМ Мрежата ќе се развива соработка преку годишни состаноци, тематски настани, заеднички посети на местата на лишување од слобода, како и преку размена на знаење, релевантни документи и други информации. |
| 9. The SEE NPM Network may create working groups for specific issues (e.g. jurisprudence, health care etc.) | 9.НПМ Мрежата може да форимира работни групи за специфични области од своето работење ( пр. правна, здравствена и др.) |
| 10. The SEE NPM Network may establish a list of experts in the field of torture prevention. | 10.Мрежата може да формира листа на експерти во областа на превенција од тортура. |
| 11. The SEE NPM Network will support newly established NPMs, by sharing methodologies, knowledge and experience. | 11.НПМ Мрежата ќе ги поддржи новоформираните НПМ преку размена на методологијата,знаење и искуства. |
| 12. All decisions are made by common agreement. | 12.Сите одлуки се донесуваат со заеднички договор. |
| 13. Members of the SEE NPM Network shall agree which NPM will chair the SEE NPM Network for a period of one year. | 13.Членовите на НПМ Мрежата се договараат кој НПМ ќе ја води мрежата во период од една година. |
| 14. The Chair person of the SEE NPM Network or another member designated by him, shall represent the SEE NPM | 14.НПМ кој ја води Мрежата или друг член кој ќе е овластен од негова страна ќе ја претставува НПМ Мрежата. |

| | |
|---|---|
| Network.<br>15. Each member shall bear its own costs for participation in activities of the SEE NPM Network.<br>16. The SEE NPM Network can obtain funds for financing activities by external entities.<br>17. This Declaration is made in the English language and all the other languages of members of the SEE NPM Network.<br><br>Agreeing parties:<br>NPM Albania, *Andi Bala*<br>NPM Croatia, *Ira Bedrač*<br>NPM Macedonia, *Anica Tomšić-Stojkovska*<br>NPM Montenegro, *Petar Ivezić*<br>NPM Slovenia, *Ivan Šelih*<br>NPM Serbia, *Miloš Janković*<br><br>Also agreeing:<br>Ombudsmen BiH, *Ljubomir Sandić* | 15.Секој член ги превзема своите трошоци во делот на учество во активности на НПМ Мрежата.<br>16.НПМ Мрежата може да обезбеди и средства за финансирање на одредени активности и од сттрана на надворешни субјекти<br>17.Изјавата е составена на англиски јазик како и на сите јазици на членовите на НПМ Мрежата.<br><br>Се согласија страните:<br>НПМ Албанија, *Анди Бала*<br>НПМ Хрватска, *Ира Бедрач*<br>НПМ Македонија, *Аница Томшиќ Стојковска*<br>НПМ Црна Гора , *Петар Ивезиќ*<br>НПМ Словенија, *Иван Шелих*<br>НПМ Србија, *Милош Јанковиќ*<br><br>Воедно согласен:<br>Народен правобранител БиХ, *Љубомир Сандиќ* |